# БАЛКАНиУМ

■ ХУМОР ■ САТИРА ■ КАРИКАТУРА ■ ОПШТЕСТВЕНА МИСЛА ■

Свети Николе   Август 2023 година   Број 12




**ПОЛИТИЧАРОТ ДОДЕКА ДОЈДЕ НА ВЛАСТ СЕ БАРА СЕБЕ СИ. КОГА ЌЕ ДОЈДЕ НА ВЛАСТ СЕ ГУБИ.**

Димитар И. Вилазорски

**МАКЕДОНИЈА Е КАКО ЗДРАВЈЕТО! КОЛКУ ПОЧЕСТО ЈА СПОМНУВАШ, ТОЛКУ ПОМАЛКУ ЈА ИМАШ.**

Витомир Долински







**КОМУ НЕ ЌЕ МУ СЕ ОТВОРИ ПОДОБРАНОТ, ЌЕ МУ СЕ ОТВОРИ НЕБОТО.**

Златко Томиќ

- Залудно е во текот на медиумската темница да палите светло. Само таа се гледа.
- Народот е најслабата алка. Затоа и го држат на ланец.
- Само треба да се помине границата на издржливоста и ете сте на оној свет...
- Снема чесност. Целата ја купија.
- Несреќата ја подели Србија: пола Србија шета – пола плива!

*Нинус Несторовиќ*

- Се занимавам со протести во вид на занает.
- Сон на еден пратеник е Собранието да му биде вечна куќа.
- Силата на неговата величина е во големината на неговата сила.

*Душан Пуача*




Ласко Џуровски

- Не ме интересира организираниот криминал. Од кога знам за себе, работам сам.
- Со народот во коалиција се само јадот и бедата. Никој друг не сакаше.
- Нашиот народ е мал. Верува во бајки.
- Се забележува и одлив на кратци. Тука повеќе нема што да се украде.
- На другата страна од законот се живее поубаво.

*Милан Р. Симиќ*

- Осуден сум на слобода. На доживотно издржување.
- Полна уста не зборува!
- Не пропаднавме ние во земја. Нам само земјата ни пропадна.

*Радмило Миќковиќ*

- Ветено на цела уста, не стигнува до секоја уста.
- Некои настани се медиумски добро покриени. За нив никој не известува.
- Ако ги наредиме фактите, ќе видиме дека нешто не е во ред.

*Жељко Марковиќ*

- Направена е анкета за претстојните избори. За жал, пак народот ќе победи!
- И после година дена состојбата на фронтот е непроменета. Заради тоа и понатаму се војува.
- Имаме предавници во своите редови. Петта колона.

*Игор Браца Дамњановиќ ДИБ*

- Кога двајца политичари еден на друг се понижуваат, двајцата се на ниви.
- Територијата ќе беше сочувана ако копнената војска не го изгубеше тлото под нозете.
- Кој гледа во себе – не се гледа себе.
- Владеачката партија ги изгуби изборите, затоа што на избирачите им вети демократија.

*Саво Мартиновиќ*



Константин Циосу

- Ние на крајот од колоната и не знаеме кој ни е водач!
- На европскиот пат се краде попатно.
- Лебот го завиткав во весник за да се потсетам како е да се јаде новинарски леб.

*Милан Пантиќ*

- Луѓето се единствени ‘рбетници кои можат да бидат без‘рбетници.
- Конечно државата се однесува пазарно. Кој краде на големо има попуст.
- Детето го запишав во партија. В година ќе го запишам во училиште.

*Миладин Бериќ*

# НАШАТА ЗЕМЈА

Не би сакал да сум земја. Особено не – Наша земја. Нашата земја стана како хартија, мора да трпи сé. Во неа ги закопуваат мртвите. А и живите! Само што на мртвите им пеат попови, на живите - кој стигне од избраните. Мртвите имат шанса барем на секои четири години да воскреснат – колку за гласање. Кај живо закопаните тоа оди малку потешко. Од таков гроб тешко се излегува. Во нашата земја мртвите ги закопуваат живите! Идеолошките мртовци се како зомби – одат како муви без глави, го живеат нашиот живот како свој, а живите - душа немаат од нив.

Нашата земја порано ја сакав од дното на душата. Сега, откако ми ја извадија душата, ми остана да го сакам само дното. А нашето дно е горе.

Порано ги сакав министерствата.

Го сакав министерството за здравје. Во секоја клиника можев да одам кога и да посакав и дома се враќав цел! Комплетен, да ти е мерак да ме гледаш. Два бубрега, комплет џигер, 7 метри тенки црева, а дебелото не го ни мерев - ми беше полно, итн. Сега човек после враќање од клиниките, мора да си ги преброи бубрезите, дали му се на број. Џигер нема – одамна ни го изедоа. А срцето?! Само што не пукнало. Само цревата не мора да се проверуваат, крчењето кажува дека се тука. Згора на сé, сите министри го фалат нашето здравство, а тие за обична кивавица бегаат кај првата клиника! За грип, странство не им бега.

Го сакав и министерството за внатрешни работи. Кога ќе ме запреше тогашен милицаец (сега се полицајци), прво ќе се поздравевме како најблиски роднини, како една мајка да не родила. Сега – мајката ми ја е... По активностите на нашиве полицајци можеш датата да ја одредиш! Дојде ли 25-ти во месецот остави ја колата дома и оди пеш, бидејќи почнува ловната сезона. Се лови и диво и живо, само да се наполни буџетот за плата. Ако поднесеш барање за биометриски пасош, ќе мора биоритамот да ти се промени. Велат дека се чека и до две години. Ништо страшно, кога се нема друг избор... Некои со задоволство чекаат и по четири години – кога има други избори.




Го сакав и министерството за образование кое вадеше секаков стручен кадар. Сега се вадат учени кадри - од памет да те извадат. На секоја клупа –лимена кутија од компјутер; пред секое дете – бадијала книга; секој професор – бадијала оди на работа... Позади секој ќош- универзитет! Денес студент не може да дипломира, само ако умре!

Ги сакав и другите министерства, ја сакав владата, премиерот, претседателот... Ја сакав македонската телевизија, го сакав МАНУ, ги сакав фабриките, комбинатите, нивите, полињата... Со неколку збора - ја сакав својата земја. Така ме учеа: Сакај ја својата земја како очите свои. Дури и на оние што читаа со Брајова азбука им го велеа тоа! А го слушав и ќелавион... Ленин... Учи, учи и само учи. И учев и учев и само учев. И само учењето ми остана!

Ама на мојата земја, вакви учени кадри не и се потребни. По-убаво да учевме за проститутки! Барем кај нив работата редовно се плаќа. И со задоволство се р-боти.

Сега нашата земја повеќе не ме сака. Ниту мене ниту мојот народ и народности, малцинства и малцински групи.

Нашата земја повеќе не нè сака нас - нејзиниот народ. Ги сака Нив.

***Васил ТОЛЕВСКИ***

# НАУКАТА СÈ УШТЕ НЕ ИЗМИСЛИЛА ПРЕЗЕРВАТИВ ЗА ЗАШТИТА ОД – ГОВОРИ.

**Ристо Филчевски**




**Миле Манчевски**

## ЈАНЕ АТАНАСОВ

Луѓето забрзано создаваат услови за исчезнување на човекот од лицето на Земјата!

Леб за сите, а месо – само за избраните.

Единствено за кулите во воздух не се потребни камен – темелници.

Ако не покажеш заби, ќе те изедат.

По испиените десетина пијачки, се наоѓа излез од сè, само не и – од кафеаната.

Можеме да зачекориме напред, без страв. Имаме цврсто дно под нозете!

Сити сме од мед и млеко! Сакаме леб.

Или чистете сè, или чистете се!

# ГОЛЕМ БРОЈ ОД ОНИЕ ШТО НÈ ВОДАТ ЗАСЛУЖУВААТ ДА БИДАТ – СПРОВЕДЕНИ.

**Јане Атанасов**



Дарко Дрљевиќ

# ИТНА САМОПОМОШ

Почна силно да ме боли, во градите, во пределот на срцето.

Веднаш се сетив на мојата стара срцева болест и на два претходно прележани инфаркти.

- Што чекаш, повикај брза помош! – се испаничи жената.

Викнав брза помош.

- Дали кашлате, кивате и имате температура? - ме праша докторката со механички глас.

- Ама не, докторке, само ме боли воградите, во пределот на срцето...

- Ајде бре човече... срцеви проблеми... можеш да мислиш... кај се јавуваш... среде епидемија!? - ме искара докторката.- Не знаеме каде ќе одиме попрво од заразени. А сега и ти ...срцева ...Па добро... Дали навистина многу ве боли?

- Па како да опишам... мислам дека ме боли така... солидно силно. И ме боде...

- Но, дали е навистина силно. силно? – и понатака ја интересираше докторката.

- Мене малку ми личи на мојот прв инфаркт... тогаш ме болеше некако слично...

- Е, сите во оваа земја се разбираат од медицина... - иронизираше докторката...

- Имате ли вие случајно некого во вашиот стан?

- Имам жена.

- А имате ли во куќата апарат за мерење притисок и топломер? – прашуваше и понатака докторката.

- Секако дека имаме - потврдив.

- Е па тогаш убаво, госпоѓата нека ви измери температура и притисок. Всушност, подобро да ми ја дадете на телефон.

Го дадов телефонот на жената.

- Госпоѓо, добра вечер, тука е дежурната докторка Петровиќ... Ајде, бидете љубезни и кажете му на мажот да легне... А потоа завртете му ја кошулата и опипајте му го стомакот, да видите дали е мек или тврд, па потоа измерете му го притисокот и температурата и измерете му го и пулсот... Пулсот лесно се мери, само ставете го прстот на рачниот зглоб, па кога ќе почувствувате каде чука, избројте колку отчукувања има во една минута.

- Само полека, докторке - се обидуваше жена ми да ја следи. - Можете ли да зборувате малку побавно... ем што слушам послабо, ем не можам сè одеднаш да запомнам.

- Па, не можам поспоро!- се изнервира дежурната. - Толку народ чека и вика, јас само трепкам овде, па не можам да останам со тебе цела ноќ! Значи, кога ќе го прегледате мажот, повикајте ме да ми ја опишете клиничката слика и издиктирате параметрите, па да видам што да пие од лековите.

- Но, докторке - се осмели жената да проговори - А што ако е нешто... сериозно?

- Не грижи се, сигурно не е ништо сериозно! - ја прекина докторката. - Убаво рече дека не кашла, не кива и нема температура. Е, тоа е сериозно... корона! А ова е нешто онака..

И ја прекина врската.

*Слободан Симиќ*

# ДА НЕ СЕ ЛАЖЕВМЕ ЌЕ НЕМАВМЕ ШТО ДА СИ КАЖЕМЕ.

**Љупчо Сиљановски**

# ЃОРЃЕ ОТАШЕВИЌ

### *ПАТ*

Среќни, со големи чекори грабиме по раскопаниот пат кон демократијата и подобриот живот. Народните претставници секој час ќе застанат, ќе го намирисаат воздухот и ќе извикаат: „Тука е, во близината! Го чувствуваме!”. И нè лажат. Единствено не ни рекоа дека тој пат никогаш не се вкрстува со нашиот.

### *ДОВОЛНО ДОЛГО*

Хартија? Навистина е практична и евтина, по неа лесно се пишува, ама брзо пропаѓа. На дискети и компактните дискови можат да се соберат доста податоци, ама фајловите може да бидат заразени со вируси, а и тие, веројатно, не можат да траат со векови. Затоа, во гранитна стена, ќе ги исклесаме нивните предизборни ветувања. Да нè потсетуваат, сè додека не ги исполнат.

### *СТРПЛИВОСТ*

Ветената помош на јаже од облаци ја спуштаат пред нас. Не губиме ни момент, веднаш трчаме, рацете ги подаваме, а тие пред носот ќе ни ја кренат. Малку се повлекуваме, не е пристојно да стоиме под јажето. После неколку моменти ветената помош повторно ја спуштаат на земја. Веднаш кон неа потрчуваме, знаеме дека е наменета за нас, таман да ја дофатимер - а тие ќе ја подигнат. Многу пати ова се повторува. Знаеме дека тие ова го прават за наше добро. Внимаваат да се улежиме. Вежбаме, а тоа е корисно за здравје. Кога убаво ќе се развиеме и ќе стекнеме кондиција, јажето нема под нос да ни го повлекуваат. Ќе сочекаат да прјдеме, без брзање, полека. Тоа го знаеме од искуство. Така беше неколку пати. Единствено што тогаш на долниот крај виси празна јамка.




Тошо Борковиќ

## РАДИВОЕ БОЈИЧИЌ

### ВЕЧЕН ДОЛЖНИК

На осумдесет и четвртиот роденден на дедото, се цобра семејството. Паѓаа честитки. Дедо плаче. И тогаш кажа:

- Деца, јас сум ваш вечен должник.

На тоа татко ми уште еднаш се јави за збор:

- Па, зошто не ни стана вечен должник пред дваесет-триесет години. Туку сега, кога за тоа ти преостана уште неколку месеци!

Дедо трогнат, пак плачеше!

### ВЕЧЕРА ВО ФРАНЦУСКА СЕДУМ

Ми заѕвони телефонот.

- Би сакал да те видам кога ќе дојдам во Белград! - рече таа.

- Секако! - се израдував.

- Каде? И кога?

- Може во сабота?! Во „Клубот на писатели", во осум.

- Одлично. Сабота. Осум. Во Клубот на писатели,

Се најдовме во „Клубот на писателите„ во саботата, во осум часот. Се поздравивме. Таа седна и веднаш го отвори Инстаграмот. По кратко време се фрлив на Фејсбук.

Не знаевме ни што нарачавме, ни што јадевме, ниту што пиевме. И тогаш му се јавив на келнерот и прашав дали можам.

- Готовина или картичка? - праша келнерот.

- Онлајн! - извикав.

Станавме и се упативме кон излезот. Разделувајќи се, таа ми рече:

- Го имаш мојот телефонски број?! Ајде, јави ми се да се расприкажеме како луѓе.

А ни селфи не стигнавме да направиме.

### ВОДАЧ

Бидејќи, на нивно големо изненадување, сфатиле дека тој што ги доведе до работ на провалијата е слеп, она што потекна од народот го опсу Домановиќ што посочно можеше, му сврти грб на заслепениот водач и полека се врати во пустош од земјата од која потекнаа. Кога од миграција во земјата од која потекнаа, ситуацијата на теренот беше малку поповолно.

- Ситуацијата се подобри, бидејќи ние бевме отсутни. Да не излеговме, оваа пустош, по условите за живот можеше сериозно да конкурира на Марс! - извика некој.

Немаше друг начин да се реагира на тие мудри зборови, но повика „да живее"!

И кога тука на некој ќе се викне „да живее", тој веднаш мисли дека е роден да биде водач, па му преостанува само да избира сака ли, во неговиот понатамошен престој на власт, ќе биде наречен водач, лидер, или по локално - вожд.

Додека на некој нов Домановиќ ќе му биде оставено, да одлучи, дали овој лидер ќе слуша подобро или ќе гледа подобро.

## АКО НЕ РАБОТАМ НА ЦРНО, ЦРНО МИ СЕ ПИШУВА.

Атанас Крлевски



Горан Дивац




Валекс Александров

## АЛЕКСАНДАР БАЉАК

- Србија без Косово е полесно да се оствари отколку да се замисли.
- Мафијашите го молам Бога полицијата да не се замеша. Не сакаат да го делат пленот.
- Нашата полиција својата работа може да ја извршуваат и со заврзани очи. Затоа лесно замижува кога ќе затреба.
- Совет на младиот новинар: Не претерувај со објективност!
- Нашата куќа повеќе не е наш дом. Заради тоа постојано сме на улица.
- Кај нас нема цензура. Се објавува сè што може да помине во медиумите.
- Ете, водата се повлекува од поплавените подрачја, а велат дека владата не презема ништо.
- Решението кое пие вода, секогаш е спасоносно решение за време на поплави.

## ВЛАСТА ИМА ГЛУПАВИ ЦЕЛИ. ЗАТОА ТОА НÈ ПОГОДУВА.

Јово Николиќ

# ПРЕСВРТ

Нашата земја е последна по здравствена заштита во Европа.

На самото дно во однос на просечната заработка.

Иста работа е и со пензиите.

Фенерџии сме на Стариот континент во однос на квалитетот на образованието.

Кај нас најмалку се инвестира во наводнување на обработливите површини.

Ние сме најлоши по куповна моќ.

Зад сите сме во однос на стапката на продуктивноста.

Нема полоши од нас кога станува збор за здрав начин на исхрана.

Во однос на безбедноста во сообраќајот, немаме рамен на негативната листа.

Го држиме последното место по број на неписмени.

Сите се пред нас во однос на инвестициите во инфраструктурата.

Никој не е полош од нас во користењето алтернативни извори на енергија.

Сето тоа беше документирано со ранг-листите на кои бевме на последното место како држава.

- Мора да се направи нешто и тоа под итно - резонираше Претседателот.

- Од следниот ден весниците мора задолжително да се читаат наопаку! - беше неговата

**Александар Чотриќ**



Тошо Борковиќ

# НАШИОТ ИЗРАЗ НА ЛИЦЕТО ПОКАЖУВА ДЕКА СМЕ ВО СОСТОЈБА НА ГОЛЕМА НУЖДА.

**Владислав Влаховиќ**

# ЅИДАЊЕ ДЕМОКРАТИЈА

Кога лидерот забележа дека многу граѓани, па и селани и чесна интелигенција, ја напуштаат нашата земја, се договори со своите стари пријатели од Далечниот исток нивните изведувачи изградат огромен ѕид и на тој начин не спасат од надворешно негативност влијание. Договорено е и направено пред крајниот рок. Самиот водач свечено го отвори ѕидот и на тој начин ги затвори граѓаните.

Министрите за здравство и полиција формираа летачки тимови, вооружени со долги цевки и со амбулантни возила, бидејќи се сметало дека секој што сака да избега од овој рај, не е нормален. Со тријажата на болните раководеше лично директорот на психијатриската болница, што некои државни непријатели се обидуваат со години да ја сменат. Излегува дека многу лудаци шетаат по улиците и треба се неутрализираат.

Сето тоа наиде на големо одобрување кај народот, па се правеа непрегледни митинзи за поддршка на оваа иницијатива. Во почетокот учесниците на митингот добија сендвичи, но како државните резерви станувааа се потенки, се префрли на половина векна полубел леб. Граѓаните се прихрануваа со очите, гледајќи ги транспарентите и со ушите, слушајќи ги зборовите на лидерот.

И тогаш странски фактор почна да ја пробива таа идила, наоѓајќи соработници и меѓу изродите на нашиот народ. Љубоморни на нашите грандиозни успеси, го посеаа семето на сомнежот кај народот, тврдејќи дека зад ѕидот живеат некои нормални луѓе, а дека нашата земја е лудница. Лековерниот народ брзо ги прифатија тие лаги и се почесто напаѓаа на ѕидот.

По некое време, Ѕидот попушти и на него се појавуваа сè поголеми и поголеми дупки, сè додека целиот народ не се најде од другата страна. Лидерот конечно здивна.

Добро е - рече тој на еден митинг на кој присуствуваа само членови на владата. И тоа не сите. - Сега земјата е целосно во наши раце. Нема повеќе предавници и непатриоти. Ова е врв на демократија, затоа што народот избра – додаде тој триумфално во камерите на многу телевизии кои беа вклучени 24 часа на ден, затоа што снимателите, новинарите и другите членови на екипата одамна се распрснаа и ги остави така.

***Драгутин Миниќ Карло (Јеж, Србија)***

# ЕПИГРАМИ

**ЕВТИН**

Нашиот човек, наш брат,
долго во магла ќе си талка,
сè додека го купуваат
со пенкало и запалка.

**СОЛЕЊЕ**

Мислиме дека ни мисли добро
дека искрено нè сака,
а тој ни се доближил толку
за да ни соли ум од рака.

**ИМАЧКА**

Не е јасна работата
и како да се најде спас.
има за овие, има за оние
но постојано нема – за нас.

**Ленче Стоименова**

# ЕПИГРАМИ

**ЦЕНКАЊЕ**

Ние сме народ
што не се ценка.
Договоривме коридори
со Бехтел и Енка.

**СУДБИНА**

Се бара авторот на
„Така ни било речено",
да види кој од работниците
за Први мај јадеше печено

**ПРЕСУДА**

Судот рече и пресече
дека нивните плати
ќе ги земаме
на 12 месечни рати.

**Ружа Стојмилова**

# МЕТАФОРИЗМИ Љупчо Сиљановски

- Сите тела потопени во долгови истиснуваат камати поголеми од долговите.
- Зад привидот на злото се крие уште поголемо зло. Зло, кое нема име и презиме, владее како поим.
- Бесмртните немаат поим дека сè уште се живи.
- Судските предмети ќе се држат во фиока, се додека државачите не влезат во „фиока.
- Нема позаштитени од мртвите сведоци.
- Нема игра кога играта е поголема од игра.
- Чекаме да се стемни па нештата да ни станат појасни.
- Заскитаа во политиката. Никако да си го пронајдат народот.



Јордан Поп Илиев

# ПРАКСАТА ПОКАЖА ДЕКА НЕМАМЕ ИСКУСТВО.

**Миладин Бериќ**



*Борислав Станковиќ Стабор*

# ТЕЖОК ДЕН НА ЕДЕН НОЖЕН ПАЛЕЦ

Утринското сонце го разбуди ножниот палец на десната нога, кој сонливо ѕиркаше од чорапот. На овој начин палецот не ја нахранил целосно својата љубопитност, туку се обидел да ѕирка и од чевелот, но бил спречен во тоа со тоа што бил свиткан навнатре. По ѓаволите! Слободата беше толку блиску, но сепак не му беше дозволено да ужива во неа.

Така турнат, палецот воопшто не се чувствуваше удобно, но тука не беше крајот на неговите маки.

Нејзиниот сопственик заѕвони на некоја врата. Добро е, помисли палецот. Наскоро ќе може да се испружи и да погледне во внатрешноста на овој дом. Среќа е што го негуваме тој прекрасен обичај да ги соблекуваме чевлите во претсобјето.

Сепак, неговиот сопственик одбил да влезе, правдајќи се со брзање. Палецот знаеше дека тоа е лага и дека тој е причината што се одбива топлото гостопримство. Неговиот сопственик се срами од него.

Работата да биде уште полоша, надвор почна невреме, па водата протекуваше низ дупнатиот чевел.

По дваесетминутна агонија палецот се најде на место каде што не врнеше. Тоа беше банка. Неговиот сопственик го донел да го рефинансира кредитот. Можеби ова не е толку лош ден, си помисли палецот. Веројатно ќе се подновам со некој памучен чорап.

*Жељко Желе Јовановиќ*

# ОДЛОЖУВАЊА

Во животот со нетрпение и голема возбуда чекав многу моменти и денови кои што требаше да бидат од посебно значење за мојата иднина. Но, термините секогаш се менуваа. Секогаш ме следеа одложувања. Дури и моето раѓање било одложувано неколку пати, зашто мајка ми не се „чувала" добро.

Првото одложување го доживеав на 4 години. Беше петок.

- Во недела ќе те водам во зоолошката градина - ми рече татко ми. Скокав од радост. Две ноќи сонував само мајмуни и жирафи. Во неделата уште рано в зори го разбудив татко ми за да се подготвиме... Но, какво разочарување - татко ми ми рече дека одењето во зоолошката градина се одложува за следната недела.

Завршив основно и се запишав во средно училиште. Се вљубив.

- Да се најдеме во сабота во 18 часот?

- Важи!

Сабота... 18 и 15 часот. Доцни, ама во секој момент треба да пристигне. 18 и 30 часот... Доаѓа сестра и - Од технички причини сестра ми не може да дојде!

Завршив средно училиште и едвам го дочекав денот кога требаше да полагам испит на зрелоста. Во школскиот двор врие како во кошница. Ние матурантите со гордо кренати глави чекаме да не повикаат. Излегува директорот:

- Почитувани матуранти, поради отсуство на двајца членови на комисијата, испитот се одложува за утре. Каков туш. Се враќам дома.

- Сине, положи ли? - уште од далеку ме прашува мајка ми.

- Не!..

Таа се струполува на земја.

Одлучив да се женам. Пред матичното сме. Го чекаме матичарот. - Уште малку и ќе те запишат во отпишаните - ми дофрлаат другарите. Јас не обрнувам внимание на нивните досетки. Нестрпливо го чекам матичарот. По неколку часа чекање кумот наредува да заминеме.

Положив возачки испит и купив кола. Направив директен судир со камион. Сега сум во шок соба. Веќе неколку мига сум во свесна состојба. Ги слушам зборовите на лекарот:

- Сторивме сé, но успеавме само да му го продолжиме животот за ден-два. Во секој момент очекуваме...

Ми доаѓа да се насмевнам, ама немам сили. Ете, ја одложиле и мојата смрт. Ми се замаглува пред очите...Готово е, нема веќе одложувања.

*Димитар И. Вилазорски*

# НЕ ДАВАМ МИТО. ЈАС САМО ЧЕСТАМ КОГА МОРАМ.

**Милан Р. Симиќ**




Муса Гумус

## ДРАГАНЧО Т. ИЗВОРСКИ

- И политичарите си имаат свој Дом за ментално здравје - Парламентот!
- Немаме повеќе зборови, цврсто нè држат за јазик!
- Се повлеков во себе - иако не сакам натрапници!
- Тапкаме в место - вежбаме државна демократска кореографија!
- Кога виде дека комшијата го даде животот за татковината - умре од мака!
- За да имаме општество со чист дух, потребна ни е комплетна ментална хигиена!
- Нè погребуваат живи, ама барем тоа го прават транспарентно!
- Животот е како догорочен кредит - умираме на рати!
- Изгубивме доверба во себе - причината е административна!
- Политичар! Колку тоа контаминирано звучи!




Владимир Казаневски




Кристијан Топан

## ДИМИТАР И. ВИЛАЗОРСКИ

- Не тргнавме по патот кон светлата иднина. Сè уште се надеваме дека ќе ни ја донесат на тацна.
- Почнаа со работа првите паметни полициски станици. Е, сега дури ќе ни го дотераат паметот.
- Бевме генерација која што се арчеше за Македонија. Сега гледаме како ја арчат.
- Бевме позната генерација. Сега сме генерација која што не може да се препознае.
- Оние кои што гласаа два пати на изборите, јадат три пати на ден.
- Поради безбедносната ситуација во земјата, мртвите се мислат дали годинава да излезат на избори.
- На некои политичари кои што добро стојат, едноставно добро би им легнал затвор.
- Оние по кои што наместо со камења, мававме со леб, направија попара од нас.
- Само што го догледав филмот „Животот смрди“, ми јавија дека стасал живот за сите.
- Тоа што ни се раѓаат болни идеи е затоа што не дупат во здрав мозок.
- Операцијата беше тешка, па хирургот мораше да прими финансиска инјекција за да закрепне.

**ТОА ШТО НЕ СМЕ ВО ВЛАДЕАЧКИТЕ РЕДОВИ, НЕ ЗНАЧИ ДЕКА НЕ СМЕ ВО РЕД.**

Иво Мијо Андриќ

**УМРЕ ОД СМЕА КОГА СЛУШНА ДЕКА СМЕЕЊЕТО ГО ПРОДОЛЖУВА ЖИВОТОТ.**

Горан Радосављевиќ

## ЛЕНЧЕ СТОИМЕНОВА

- Обложувањето е спој на еден наивен будала и еден одличен крадец.
- Афоризмите се мали реченици од големи умови.
- Ќе ја погоди целта. Откако ќе му помине периодот на промашување.
- Нашата збирка од црпки е неисцрпна.
- Многумина од Македонија заминаа по ѓаволите. Таму си го најдоа Бога.
- Нè нарекуваат граѓани, а ни спремаат за вратот јареми.
- Ѓубривата ќе ти дадат високи приноси. Ѓубрињата ќе ти го земат.
- Критичната маса најлесно се критикува.
- Со банките играме корида. Тие се тореадорот, а ние бикот.

## РУЖА СТОЈМИЛОВА

- За да застанеме цврсто на нозе треба рацете да ги кренеме горе.
- И селаните ја исполнуваат својата граѓанска должност.
- Кога се расправам сама со себе, секогаш јас сум во право.
- Многу подобро ми е кога можам, а не морам.
  А кога морам? Е тогаш ништо не можам.
- Само ако држиме до своето, ќе го сочуваме нашето.
- Сите беа на иста страна затоа потонаа.
- Аферите им се чисти како бел ден, затоа се на црната листа.

## ТОЛКУ СРЕЌНИ ЗЕМЈИ, А ЈАС СЕ РОДИВ БАШ ВО ТАТКОВИНАТА.

Радмило Миќковиќ

## КРЛЕВИЗМИ

- Оставивме настаните да течат. Нè поплавија.
- Нашата култура е посебна. Немаме општа.
- Наша специјалност: Добро поткованите да ги правиме магариња.
- Божествено убавите жени најчесто имаат ѓаволски карактер.
- Видов колку е часот и одлетав во друга часовна зона.
- Некогаш не верував во тоа што не го гледам,
  а денес во тоа што го гледам.
- Како да се остане човек меѓу луѓето? - прашање е сега.
- Полуписмените секогаш те сфаќаат буквално.
- Помеѓу славното минато и светлата иднина,
  сегашноста не може глава да крене.
- Постојат и интелектуалци кои знаат сè, но молчат.
  Зошто да дознаеме колку е тоа сé.

*Атанас Крлевски*

## ЗА ДА ГО ОБЕРЕ БОСТАНОТ ПОЛИТИЧАРОТ МОРА ДА БИДЕ ЗЕЛЕН.

Зоран Додеровиќ




Хуле Ханушиќ




Дамир Новак

## НЕЗАМЕНЛИВ

Имаше голем промет во министерството. Се разбира, од политички причини. Штом се смени моќта, третина од персоналот беше заменет со нови луѓе. Моќта се смени уште еднаш. Друга третина од персоналот беше сменета. Кога по трет пат се смени моќта, се покажа дека персоналот е целосно заменет за кратко време. Само портирот - Иван, беше незаменлив. Го прашуваат: „Иване, кој си ти што никој не те заменува? Како успеваш да се префарбаш? Кажи, за да се стабилизираме некако.“ Иван доброволно го споделува своето искуство: „Јас не сум ничија работа! Но јас сум од сите нив. Кој и да дојде на власт, јас сум од неговата граѓанска квота!”

*Валентин Димитров*

## РИСТО ФИЛЧЕВСКИ

- Комарците нема што да цицаат од Македонецот.
  Политичарите ни ја исцицаа крвта.
- Ќе ни го земат и Сонцето. Градат сончеви централи.
- Ја покажубаме широката словенска душа.
  Со ширината на газот.
- Тука еволуцијата не е завршена.
  Доказ се “горилата“ кои ги чуваат функционерите.
- Нам не ни требаат рудници. Ние копаме во историјата.
- Велат дека сме нај ефтина држава во Европа.
  Скапо го плаќаме тоа.
- Со бројки кажано:
  Имаме најмногу невработени млади по глава на пензионер.
- Ни го осветлуваат патот кон иднината.
  Градат фотоволтаици.

- Политичар кој повеќе не е предмет на виц,
излезе од штос.
- Политичарите јадат и она што не се јаде.
Затоа е народот гладен.
- Оваа власт уште не застана на нозе.
Затоа не може да си оди.
- За среќа е потребно малку, за несреќа ни толку.

*Јово Николиќ*

- Кога мораше да даде син плик, побеле.
- Себе никогаш нема да се победи. Слаб е на порази.
- Не сакам да бегам од себе.
Тогаш кој ќе ми прави друштво.

*Славица Агиќ*

- Секое утро купувате леб?! Само вие луксузирајте се!
- Избирачи, преминете на другата страна.
Паѓа рејтингот!
- За прекројување на границите на Балканот
секогаш се бара карта повеќе.
- Не е тој криминалец, туку угледен колекционер на кривични дела.
Нема што нема.

*Бојан Љубеновиќ*

- Граѓаните имаат одврзани раце. Да аплаудираат на властодржците.
- Народот го држат во став мирно. Често му ја свират химната.
- Воениот злосторник молчи за извршените убиства.
Не може тој да се сети на такви ситници.

*Мирослав Средановиќ*

- Откако станав безрбетник грбот повеќе не ме боли.
- Почнавме да развиваме вештачка интелигенција.
Природната ни оди од земјата.

*Марко Пајиќ*

- Би оделе побрзо. Ако на правиот пат не бараме кривини.
- Политичарите со леб ги храни народот.
Од каде им погача, тоа никој не знае.
- Се избори за свое место. На другите им го смести.

*Ненад Митиќ*



Родриго Де Матис

- Не е точно дека ништо не работат. Сешто ни прават.
- Колку е народот поглуп, толку се раководителите потупи.
- Со просечна плата не може да се живее просечно.
- Нему ништо не му паѓа на памет. Сè што работи е вон памет.

*Горан Иванковиќ*

- Ние Босанците споро копчаме.
Затоа не сакаме кошули со копчиња.
- Не е вистина дека властодршците гасат фирми.
Тие понекогаш и ги палат.
- Докторот ме прегледа од глава до пета стотина евра.
- И живееја браќата сложно, срećно и безгрижно,
сè до крајот на читањето на тестаментот.

*Сеид Имамовиќ*

- И тенџерето е празно, затоа ми прекипе.
- Насекаде истураме памет. Некои и загазија во него.
- Мајмунот падна на ниски гранки за да се симне од дрвото
и да стане човек.
- Мудроста доаѓа со годините, како и смртта.

*Дејан Тофчевиќ*



Миро Георгиевски

- Граѓаните претеруваат со советите од стоматолозите.
Тие им зборуваат ништо да не јадат само два часа.
- Железната завеса е вистинска работа.
Не мора ни да се пере ни да се пегла.
- Ајде да се правиме како ова не го видов, рече
сведокот на учесниците на мафијашката пресметка.
- Имаме авиони, а правиме и бродови од хартија.

*Бојан Раевиќ*

- За покојникот сè најдобро. Најлошото ни остана нам.
- Положбата на работникот во општеството
е клечечки, а на невработениот – лежечки.
- Земајќи сè во предвид, тој крадец толку се збогати,
што не знае што сè има.
- Ако не знаете што со себе, навратите кај мене.
Можеби попат ќе се сетите.

*Иво Мијо Андриќ*

## САТИРИЧНИ ДАМАРИ

- Најлесно им е на мазохистите! Власта постојано работи за нив.
- Сакате судијата да ви прогледа низ прсти? Дозволете му да ги стави рацете во вашите џебови!
- Престанете да фантазирате за Европа! Место по политичарите тргнете по Гугл мап!
- Ризично е човек на Балканот да се прави паметен - ќе полуди!
- Површните најдолго тонат - цел живот!
- Го контролираат лудилото: дозволуваат секој да се прави луд.
- Секогаш бираме исти – оние што на ништо не личат.
- Бидете самокритични, покажете со прст кон вашиот најголем непријател.
- Не е точно дека сме гласале како овци! Овците никогаш не бираат волк за предводник.
- Не сум опседнат со себе! Дури и во автобиографијата не можам да се препознаам!
- Не дозволувајте да ви го расипат денот - преспијте го!
- Нашите Јуди место на Тајна вечера не предадоа на шведска маса!
- Сите знаат дека Водачот нема чист образ - никој не го фарба!
- Да избираат коњите, нашите политичари никогаш немаше да бидат на коњ.
- Паметните не остануваат долго во политиката - први попуштаат!
- Онаму кај што одлучуваат магарињата никој не е на коњ!

*Миле Ѓорѓијоски*



Румен Драгостинов

## НИ СЕ РАЗБУДИ НАДЕЖТА АМА НЕМА ШТО ДА ПОЈАДУВА.

Слободан Симиќ


Ласко Џуровски

## БЕСПАРИЦАТА НЕ ГИ ЧЕША ОНИЕ ЛУЃЕ ШТО СЕ ГРЕБАТ.

Марко Миљковиќ

## РОБОТ

Да знаеш што ми се случи минатата недела, Анче! Го вклучувам мојот домашен робот од канцеларија, така што кога ќе се вратам дома за три часа, сè да биде чисто.

- О, ти имаш домашен робот?

- Мојот кога беше на службен пат во Англија, веднаш го виде. Тој сака нови работи.

- Блазе си ти.

- Чекај, слушни што се случува. Доаѓам дома и што да видам? Исчистен е само првиот кат.

Вториот не е допрен. Зошто Цанко, го прашувам?

- Дали тој има име?

- Од почит му го дадов името по мојот свекор. Ни помогна со куќата. Затоа му велам на роботот Цанко: „Зошто не го исчисти вториот кат?

А тој ми одговара: „Затоа што сум уморен, а човек сум!“

А јас од почит го именував за свекрва. Ни помогна со куќата. Затоа му велам на роботот: Цанко: „Зошто не го исчисти вториот кат? - А тој ми одговара: „Затоа што сум уморен, и јас сум човек!“

- Но, дали зборува овој робот?

- Да, тоа детиште зборува. Мојот сопруг сака да разговара со него за сè дома: машината за перење, папагалите, роботот... Сè да му е паметно... А јас вриев. Каков човек си ти, а?! Вие сте робот. Роботот доаѓа од роб.

- Доаѓа од роб? Не знаев.

- Од каде на друго место... Не си човечко суштество, детиште едно! Машина си Цанко. А знаеш што ми одговори?

- Јас сум вештачка интелигенција, вели тој. Можеби сум посовршен од тебе.

- Абе простаче, се здивнав, кога еднаш ќе те удрам со чеканот, ќе станеш плех.

- А тој?

- Тој курназ. „Ќе пукнеш, вика, но друг пат. Имаме синдикат. Редовно плаќам членарина’.

- Еј, робот Цанко, му викам, ти си овде со приватно лице, нема синдикати. Или работи како роб, или ќе го фатам чеканот!

- Како реагираше?

- Во паника го среди вториот кат, но низ прстите... Не му работеа сите сензори. Сакаше инвалидска да земе, најмалку шеесет проценти со право на работа...

- Еј, робот, но лукав. Ги знае бројките.

- О, се ослободив од оваа мрзеливост.

- Боже, дали го удри со чеканот?

- Не. Го дадов на еден познаник. Таа има мал стан за да се справи со оваа мрзливец.

- Ама ти сега си без робот? Кој ти чисти?

- Се јавив на мама Пенка од село. Сè и свети. Па, жената заспива во седум часот, но има посебна соба, не ни пречи... Па, каде е роботот Цанко, каде е мајката Пенка!

*Валери Какачев (Стршел, Буатија)*

# АФОРИСТИЧКИ КОЛАЖ 3



Јордан Поп Илиев

- Митологија. Бувот по цел ден спие, и сите го сметаат за птица на мудроста.
- Оној што заталкал открива нови патишта.
- Боговите отсекогаш биле рамнодушни кон религиските реформи.
- Балсамирајте ме! Не верувам во задгробен живот, ама сакам да ги изненадам археолозите.

*Валериу Бутулеску*

- Најголемата хрватска замка ќе биде кога сите работници ќе дојдат од Исток, а сите производи од Запад.
- Хрватското територијално море во поголемиот дел пресуши.
- Лесно ни е да бидеме земја со најмногу пресадени органи, кога постојано се колеме.

*Јосип Балашко*

- Нашите цели се чисти промашувања.
- Откако почнавме да раѓаме мечка, наталитетот ни паѓа.
- По формирањето на владата наместо химна треба да оди димна завеса.
- Амбициозен народ сме. Секоја наша пенушка би сакала липа да е.

*Пеко Лаличиќ*

- До светлото на крајот од нашиот тунел има светлосна година.
- Демократијата не ја носат штркови. За да ја имаме ќе мора да родиме мечка.
- Ако не им гледаме низ прсти, ќе гледаат низ решетки.

*Љиљана Крстиќ*

- Оптимистите бараат слобода, песимистите уживаат во неа.
- Немаат чист образ. Да имаа, немаше да носат маски.
- Нашето двојно дно – нема дно!
- Оние што газат сè пред себе, не го губат тлото под нозете.

*Христина Деолска*




Горан Ќеличанин

- Институциите зарѓуваат ако не се подмачкуваат.
- Кај нас има многу чесни со сомнителна биографија.
- Многу табу теми се откриваат дури кога ќе паднат во заборав.
- Политичарите ни ветуваат сјајно минато – во иднината.

*Милорад Ќосиќ*

- Невозможно е да имаш смешна плата а да немаш смисол за хумор.
- Паметните се за пример, успешните за имитирање.
- Кој се плаши – ги полни гаќите, акој не се плаши – ги полни џебовите.
- Сакаш да бидеш во чекор со времето? Марширај!

*Валентин Димитров*

- Нашиот јазик се вика мајчин. Не се знае кој ни е татко.
- На народот можеш да му ја затвориш устата, единствено ако му ја наполниш.
- Нашиот водач е како стоногалка. Не можеш сопка да му ставиш.

*Драган Павличиќ*

- Денес купив Политика, но сакав да останам анонимен!
- Бидејќи не сум кандидат, не ме интересира кој ќе ја добие Нобеловата награда!
- Конечно, утврден е точниот број на починати. Тој е еднаков на бројот на умрени!
- Да не беше народот толку збудален, ќе бевме нормални луѓе!
- \- Замислете, бил уапсен за два тона марихуана!
  \- Ништо страшно. Тоа е лесна дрога!

*Радивое Боичиќ*

- Постојат две врсти на глупаци: едните не мислат што зборуваат, а другите зборуваат сè што мислат.
- Музиката ги обединува сите луѓе освен соседите.
- Политичарот е човек кај кого одиш со едно прашање, а се враќаш со три.

*Константин Мелихан*

- Да ја сретнете својата судбина можете секогаш, а да побегнете од неа никогаш.
- Од судбината не можеш да побегнеш, освен на оној свет, ама и тогаш по нејзина волја.
- Секој сака да биде само свој, а постојано да им се допаѓа на сите други.

*Владислав Божедај*



Петар Писместровиќ

## ТВОРЕЦ

Не знам кој сум, ама, ако е тоа нешто ново – *постојам.*

Моето најпрецизно одредиште е – *се наоѓам.*

Нема ништо покрај, ни горе, ни долу.

Цел простор сум, уште еден не би можел да се смести. Ниту ни неговиот нокт.

Да имам по што да посегнам, сè би ми било на дофат на рака.

Не мора ни да се мрднам, за да стигнам донекаде.

За мене зборот „онаму” е непознат, а зборот „тука” чист плеоназам.

Насекаде сум наеднаш.

Толку сум силен што нема кој да ми помогне.

Ако ми дувне, ќе го создадам светот.

Да *свјатисја имја* мое.

*Перица Јокиќ*

**ПРАВДАТА Е ПОЈАКА ОД НЕПРАВДАТА, А ЛУЃЕТО СЕ НА СТРАНАТА НА ПОСЛАБИОТ.**

Павле Ковачевиќ



Саша Димитријевиќ

## ПРОТЕСТ ВО ПЕКОЛОТ

Во Пеколот зовре. Осудените на покајание на гревовите и вечно страдање не сакаа ниту во оган ниту во вода. Се собраа околун најголемиот казан и го започна протестот.

Дежурниот веднаш го известил претпоставениот, а овој што побрзо, му телефонираше на Надлежниот. надлежниот нареди да разулавената маса се испече со вештени огнови и попари со жешка вода...

Тогаш се огласија претставниците на Западната Небесна Унија. Тие побараа надлежните да преговараат со незадоволните грешници. Во спротивно, нема ништо од признавање на Пеколот во Западна Небесна Унија. Одговорниот знаеше дека тоа е директно мешајќи се во внатрешните работи на Пеколот, но немаше избор.

Бунтовниците испратија трichлена делегација на преговорите, а преговарачкиот тим на Пакелот беше претставен од Надлежниот, како нечастивиот кој за се треба да се прашува и за сè одлучува.

- Кого претставувате?! - праша.

- Бездушни, измамници, превртливци и крвопијци! - одговориле тие.

- А не сте задоволни од условите во пеколот?!

- Не сме.

- Сте склучиле пакт со сатаната и му ја предадовте својата душа уште за животот! – ги потсети Надлежниот.

- Знаеме, но очекуваме хуман однос кон нас, како што и нашата партија, долу, се однесува со народот!

Надлежниот се интересираше која е тоа партија.

- Партија на Светлата иднина! - го известиле грешниците.

- Колку што знам, членовите на таа партија одат во Рајот...

- Така беше до неодамна, а потоа главниот одбор реши имаме мнозинство и во пеколот. Наша обврска е секаде и на секое место ја шириме идејата за Светлата иднина.

- А што точно барате ?! - се интересираше Надлежниот.

- Бараме наместо котли, топли ланци и огнови користите експрес лонец, микробранова рерна и тостер!

- Во буџетот на пеколот не се вклучени средства за модернизација на опремата!

- Потоа продолжуваме со протестот. Нема да скапуваме во средновековни услови.

Немајќи каде, Надлежниот реши на сите членови на Партијата Светла иднина да им ги прости сите гревови и да ги прати во Рајот на заслужено уживање. Бидејќи сите грешници беа зачленети во таа партија протестот беше прекинат, а Пеколот беше привремено затворен за да не зјае празен...

*Љубомир Илиќ*

**ЗАРАДИ ОНА ЗА ШТО СЕ ДОГОВОРИЈА ВО ЧЕТИРИ ОЧИ, СЕГА ЕДЕН НА ДРУГ ОКО БИ ИЗВАДИЛЕ.**

Александар Чотриќ



ТАТЈАНА АЛЕКСИЌ

# РОДОЉУБИЕ Е РЕДОК КАРАКТЕР

Кога злото царува и злобата доминира, добрината стивнува, оти и таа како љубовта не умее да вреска, да се тепа, да се докажува и манипулира. Вистинската љубов не е манипулативна, нема стратегии, калкулации, не знае да вика, навредува, уценува, условува. Едноставно, љубовта е добрина, а каде е добрината таму љубов вирее... Љубовта има добро срце, прави добрини безусловно, дава, но и страда. Човек страда кога љубовта не му е возвратена, како што страдаат Татјана и Онегин, ликовите во романот на Пушкин. Има бескрајно долги љубовни приказни полни со љубов, страст и страдања. Ретки се совршените, кои знаат за чиста љубов, смирена како божја љубов... Исто е со патриотската љубов и родољубието, ја носиш во себе каде и да си, ја покажуваш на спонтан начин секаде и секому, оти е дел од тебе. Не глумиш, не калкулираш, туку го живееш патриотизмот како карактер. Сè поредок карактер. Родољуб, никогаш не би ѝ наштетил на татковината во ниту една можна ситуација. Од најбанален пример, со сеприсутно фрлање смет или „цивилизациско поѓубрување" на асфалтот, парковите, плажите и секаде каде човек може да стапне, преку видливо осиромашување (ограбување) на државната каса, па сè до сериозно опасно продавање на државни интереси – врв на користољубие без исклучок. Опасни се манипулаторите, опасни! Ќе те убедат дека ти си виновен заради нивното однесување. Ќе те убедат дека без нив не можеш и дека сè ќе направат за тебе – само за да те контролираат. Манипулаторот обвинува дека другиот е хистеричен и параноичен, за да се камуфлира и дефокусира по систем „нападот е најдобра одбрана". Целта му е да ве замолчи за да може да си ја турка агендата без да му пречите. А кога манипулаторите се на власт, а најчесто се дел од власта (антиемпати полесно се дограбуваат до високи општествени функции поради недостаток на емоции, срам и морал), тогаш државата со сè државјаните стануваат предмет на калкулација, поточно манипулација. Е тогаш станува опасно за системот, се извртуваат сите негови вредности. „Редот, законот и почитувањето на човечкиот живот го напуштаат општествениот живот. Светот се дегенерира во менталитетна багра во која владеат завист и одмаздливост, предводени од префригани шарлатани и веројатно доцна е да се сопрат. Никому веќе не му е важно и нему е до поправање на расипаното. Политичарите нема ништо да направат. Тие водат грижа само за својот капитал и како да го задржат. Светот пребргу се менува и тоа никој не може да го врати. Затоа, целта е остварување материјални амбиции и искористување на сè што се посакува, пред да биде доцна. Такво чувство ги зафаќа сите професии и целата цивилизација" – Џејмс Редфилд во романот „Десетиот Увид", продолжение на „Целестинското пророштво". Како сè да е подредено на посакувања без љубов, на остварувања без трудољубие... Како сè да е чиста калкулација... Чиста, израфинирана, квалитетно спакувана манипулација, во чиј пакет нема аранжман на љубов и родољубие. Нема услови за нив. Остануваат само нивни сензации и евокации

### НОБЛЕС ОБЛИЖ (NOBLESSE OBLIGE)

Не сме ние толку неуки и неинформирани колку што сме невоспитани и суетни! Ако убавиот збор железни порти отвора, тогаш грдиот ги затвора сите можни порти, врати и отвори, непоправливо долгорочно. Затоа зауздајте го зборот, учете се на учтивост од најмала возраст. Секоја кавга, насилство и војни почнуваат со збор, погрден збор кој се памети посилно од најсилниот физички удар. Господ на човека му го дал зборот за умност и убост. Но дали човекот знае да му врати на Бога со умност и убост, со убави зборови и човечки манири? Човечност значи и учтивост. Учтивоста му дава углед на човекот, а сите три градат чесност. Светото тројство на чесноста се човечност, учтивост и угледност. Врвна доблест е чесноста, ако си нечесен не може да бидеш ни учтив, ни угледен, ниту човечен, може само да глумиш од сè по нешто, по потреба и поради некаква цел. Нечесноста, на крајот најчесно испорачува фактура, на рати со камати... Учтивоста го олеснува животот. Учтив човек не е конфликтен, лесно му е да се разбере и себеси и другите, умее да ги надмине недоразбирањата и со најразличните карактери. Учтив човек е човек со добро, пристојно однесување. Неучтив човек е убеден дека е правилно секому да му каже сè во очи, не бирајќи зборови. Замислете сите луѓе на светот истовремено и искрено да си кажат што мислат едни за други? Тоа би била вербална атомска бомба, која би направила непоправлива штета на целата земјина топка. Пакоста не знае да премолчи и се дуплира кога јавно се истакнува. Да си добро воспитан и љубезен со секого не значи дека си подводлив, дека секој може да те „пренесе жеден преку вода". Учтивост не подразбира ни сервилност, напротив таа е достоинственост. Учтивоста е онаа гордост со која не се гордееш, не ја раскажуваш, туку ја имаш како ореол над главата. Ја носиш секаде, секогаш и со секого. Дури и кога те навредуваат, учтивоста не ти дава да се спуштиш ниско, остануваш на своето ниво, над ниските страсти на неучтивоста. Може да си доктор на науки, ама да не си учтив. Може да си најбогат на свет и да си го купиш угледот, ама ако учтивоста ти е слаба страна, човечноста распукува како меур од сапуница. Академик не се станува само заради титула, академик си заради академското однесување кое и кога си атеист се потпира на христијански начела. Така што можете и цепаници и чакалишта да фрлате по проф. Ќулавкова, учтивоста е нејзиното несоборливо ниво. Таква беше и во младоста, кога ми предаваше на ОКК, префинета. Кога ќе научиш само еден добар збор или манир од твоите учители, наставници и професори, си го земал аманетот до крај на животот да ги почитуваш. Добар ученик е оној кој го учи најдоброто од своите учители. Мажите учтивоста ја учат од жените, првин од своите мајки, баби, постари сестри, а потоа од жените во својот живот... „Ако мажите конечно ги изгубија грубите солдатски навики и простачки страсти, тогаш тоа е поради жените. Кога ќе се насоберат повеќе луѓе, а присутна е макар само една жена, мажите ќе зборуваат поучтиво отколку и пред еден крал" – „Благо цара Радована", Јован Дучиќ. Дури и лудиот Нерон, една морална наказа и крвник, бил обожуван од жените зашто не бил простак. Жените сè ќе ти простат, освен простотилак! Што ни се случи на сите за да заборавиме што е добро воспитание, примерно поведение и долично однесување? Каде исчезнаа префинети манири, учтивост и почит кон постарите... Не треба да си од благородничко потекло за да се однесуваш цивилизирано, па и кралевите знаат да пцујат! Но знаат каде и кого. Никогаш јавно.

(Авторот е професор
во СУГС Раде Јовчевски - Корчагин)



**Проф Д-р ВЕСНА КОСТОВСКА**

# МОЈОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

Би сакала, во овој текст да се изразам со што помалку патетика. Бидејќи, патетиката често била, и е дел од нашиот менталитет. Патетиката привлекува, бидејќи заштитува од одговорност. Патетиката ја уништува самодовербата, патетиката е приспивна песна за оние што немаат храброст да се соочат со животот што значи вечна борба кон прогрес.

Затоа, велам, никој нема да ни го уништи јазикот. Тој опстојува, се развива и функционира. И покрај сè. И македонскиот јазик е најмалку загрозен од надворешниот фактор.

Македонскиот јазик стагнира, назадува и се развива стихијно поради политикантството, тука во нашите граници. Се користи како алатка за собирање политички поени и за привлекување на што поголемо гласачко тело.

Односот кон мајчиниот јазик го стекнав преку воспитувањето на моите родители. И го сакам, го чувствувам, затоа што тој е мојата лична алатка за изразување љубов, почит, за поврзување, и за општествено и професионално дејствување.

Никогаш, од страна на нашите родители, јазикот не ни се наметнуваше насила, како нешто што е загрозено, како нешто што треба да се брани од некого, како нешто што ќе ни биде одземено. Јазикот, како бистра река што смирува и што прочистува протекуваше низ нашиот дом. Пред сè преку книгите. Уште од нашето најрано детство се сопнувавме од кни-гите по собите, ги државме во рацете, го чувствувавме нивниот мирис како мирисот на свежо лепче. Сè уште пред очи ми се сликовниците што неуморно ни ги читаше нашата мајка. Нашиот татко пак, многу често ни раскажуваше, ни кажуваше. Неговото раскажување, и кажувањето, во мојата мисла се преточуваа во живописни слики, во долгометражни или документарни филмови. Така, го засакав својот мајчин јазик. Потоа, сами, без наметнување, спонтано почнавме да читаме, читаме и читаме... Според сопствен избор. Во нашиот дом пристигнуваа книги од различни области, но убави книги. И, преку тие книги во нашиот дом се почитуваше секој јазик, затоа што секој јазик е израз на нечија култура, а допирот на културите ги руши бедемите што ја ограничуваат мислата.

Во нашиот дом редовно пристигнуваа книги од македонските автори. И повеќето ги исчитував. Најмногу ме привлекуваше и сè уште ме привлекува белетристиката. Историските книги например, ме измачуваа понекогаш, затоа што немав можност да бидам присутна таму и тогаш, за да ја согледам целосната и вистинската слика на случувањата.

Македонскиот јазик стана моја професија, а специјалност – црковнословенскиот јазик и македонските црковнословенски текстови. И во текот на моите истражувања, исто, понекогаш посакував да сум таму и тогаш, за да ја заокружам вистинската слика за развојот на црковнословенскиот јазик. Затоа што и тогаш, се соочував со спротивставени мислења меѓу лингвистите, со непотребни присвојувања. Со политикантство.

Но додека го работев мојот магистерски труд „Јазична анализа на Македонското четвороевангелие“, пред мене, секогаш беа две книги – „Вранешничкиот апостол“ и „Историјата на македонскиот јазик“ од Блаже Конески. Пред сè поради совршениот, едноставен научен стил на изразување и поради аргументираноста на презентираното. Конески со својата самодоверба кон својот јазик, ме упати кон мојот научен пристап за јазикот. Да истражувам без потреба да докажувам некому, но со желба да навлегувам во историјата на македонскиот јазик и да го следам неговиот континуитет до денес со факти и со што поголема објективност.

Затоа, сето ова што се случува во последниве децении со македонскиот јазик, со неговата исполитизираност, е нештото што го загрозува во секоја негова сфера. Тој прераснува во вжештена топка за предизвикување страв, спротивставување, заради политички поени. Македонскиот јазик станува сиромашен јазик, неговиот речнички фонд сè повеќе се стеснува, тој станува јазик во кој доминираат погрдните зборови, зборовите што предизвикуваат сензација. Малкумина останаа што сè уште го продолжуваат јазичниот израз на нашите лингвисти, писатели и новинари коишто го издигнаа македонскиот јазик на едно врвно ниво. Се преземаат нивните цитати само како потврда за политичките ставови. Истргнати цитати, без еден целосен контекст што може да се разбере единствено со познавањето на делата на овие наши врвни дејци.

И, повеќето од тие дејци сега се на маргините, поради таа долготрајна негрижа кон вистинските вредности што го создадоа нашиот убав, чувствен, богат македонски јазик. Јас сум растргната меѓу тоа пред и тоа сега. Го чувам тој јазик пред, и се чувам од овој јазик сега. Но изразувајќи се со тој јазик пред, честопати имам чувство како да глумам во некој нем филм.

Македонскиот јазик поради политичкиот контекст во кој е длабоко навлезен, сè повеќе се сведува на административен јазик зачинет со навредливи зборови и со пејоративни изрази. Тој е загрозен, да, но поради тоа што тој е огледало на нашето општество. Тој е загрозен, поради тоа што тој е израз на нашата сегашна мисла.

Како што вели Конески: „Ако и во нашата комуникација, во оваа нова ситуација на таканаречениот плурализам, обновувањето на исказот се сведе на пцуење, на она што може да биде полемика од долен тип, тогаш какво обновување имаме? Немаме никакво обновување. Подобро тогаш да сме останале на стереотипните форми. А, ако луѓето си дадат труд да ја развијат таа, да кажам, политичка реторика на едно повисоко рамниште, тогаш навистина може да очекуваме некои резултати.” (https://okno.mk/node/3384).



*(Авторот е научен советник во Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“*

## ЈОРДАН ЃОРЧЕВ










## ВАСИЛ ТОЛЕВСКИ




Јордан Поп Илиев

- Светските сили многу полагаат на мир!
  Најмногу венци и цвеќиња.
- Не лажат денес, исто како и вчера.
  Што е доказ дека имаме стабилни политичари.
- Ако Исус беше како нашата држава, ќе имаше неброено Јуди!
- Ако се мери според карактерот,
  селски туризам може да се развива и во најголемите градови.
- На мозокот местото му е во главата.
  Само нашиот мозок е во странство.
- Нашиот брод не може да потоне. Полн е со – лејки.
- Во земјата на гладните најненаситниот станува Водач!
- Месојадците на власт нè направија вегани!
- Откако ги запустивме нивите копаме по контејнерите.
- Нема да ни дадат ни уста да отвориме.
  Ако треба со инфузија ќе не хранат.
- На функции треба да ставаме песимисти!
  Што ќе и предвидат на Македонија, тоа и се остварува.
- Македонија е земјоделска земја.
  Затоа странските инвеститори нè работат како бавча.
- Ни требаат повеќе психијатри отколку полицајци!
  Тука сите крадат како – луди.



Горан Ќеличанин

БАЛКАНИУМ ЕЛЕКТРОНСКИ ВЕСНИК ЗА ХУМОР, САТИРА, КАРИКАТУРА И ОПШТЕСТВЕН ЖИВОТ

Меѓународен славјански универзитет
ул. „Маршал Тито" бр. 77 2220 Свети Николе.
Република Северна Македонија

*Издавач*
Институт за култура и уметност

*Редакција*
redakcija@balkanium.mk

*Главен и одговорен уредник*
ciletolevski@yahoo.com

*Ликовно-графички уредник*
Никола Симовски

*Објавените материјали не се хонорираат.*

*Материјалите за наредниот број на весникот испраќајте ги најдоцна до 15-ти во тековниот месец.*

www.balkanium.mk

*Весникот излегува месечно.*